# ПРИРАЧНИК ПО СОЦИОЛОГИЈА

# ТЕМА I

# ШТО Е СОЦИОЛОГИЈА?

# Што е социологија?

1.**Социологија** е наука за општеството.

2.Што е **општество**?

**Општеството** е составено од **поединци** кои се здружуваат во **групи**, кои имаат меѓусебни **односи**, а односите создаваат **институции.**

3.Социологијата е **општа** и **теоретска**, додека историјата е **поединечна**. И двете го проучуваат **целокупниот општествен живот**, но социологијата создава поими земајќи ги заедничките особини од поединечните случаи.

| Социологијата е општа | Историјата е поединечна |
|---|---|
| Држава е **<u>власт</u>** над определена група луѓе кои живеат на определена територија. | -Во стара Атина **<u>владееле</u>** сите полнолетни мажи (непосредна демократија)<br><br>-Во стара Спарта **<u>владееле</u>** неколкумина (аристократија)<br><br>-Во Самоиловата Царство **<u>владеел</u>** еден (апсолутна монархија)<br><br>-Во денешна Македонија **<u>владеат</u>** граѓаните преку избрани претставници (посредна демократија) |

4.Социологијата го проучува целото општество, но постојат **посебни општествени науки**, кои проучуваат само дел од општеството: правни науки, политички, економски..

5.Покрај што е **теоретска**, таа е и **применета**, бидејќи истражува различни општествени појави, со цел да ги објасни, како и различни општествени проблеми со цел да помогне во нивното решавање.

## Фактори за создавање на социологијата

1.Општ развој на науките со почетокот на ренесансата - XV век.

2.Зголемување на фондот на знаења за општеството. Уште од античко време па се до создавањето на социологијата како наука во XIX век, постоеле мислители кои пишувале за општеството.

| **Мислител** | **Време** | **Дело** | **За што пишувал** |
|---|---|---|---|
| Платон | V век п.н.е. | “Држава” | Пишува за едно идеално општество во кое ќе владеат најпаметните |
| Аристотел | IV век п.н.е. | “Политика” | Споредува различни државни уредувања |
| Августин | V век п.н.е. | “За божјата држава” | Го споредува небескиот поредок со земскиот |
| Ибн Калдун | XIV век п.н.е. | “Прологомена” | Го утврдува влијанието на географските фактори врз општеството |
| Томас Мор | XVI век п.н.е. | “Утопија” | Пишува за едно совршено општество |
| Макијавели | XVI век п.н.е. | “Владетел” | Дава практични совети како да се владее |
| Жан Жак Русо | XVIII век п.н.е. | “За општествениот договор” | Смета дека луѓето се договарале да формираат држава за општеството подобро да функционира |

3.Чувствување на потреба за решавање на општествените проблеми на научен начин, бидејќи XIX век е време на војни, револуции, сиромаштија итн.

# Огист Конт

1. Се смета за основач на социологијата и го дал името од латинскиот збор: **socius** (другар) и грчкиот збор **logos** (наука, идеа).

2. Го вовел поимот **позитивизам** во науката, што значи науката да биде егзактна, прецизна, точна. Тој сакал социологијата да биде прецизна како природните науки.

3. Ја поделил социологијата на социјална **статика** и социјална **динамика**:

а) **Социјалната статика** ја проучува структурата, градбата на општеството, односно од што е составено општеството.

За него најважни институции се: јазикот, религијата, семејството и поделбата на трудот.

б) **Социјалната динамика** го проучува развојот, менувањето на општеството. Според него, секое општество треба да помине низ три фази:

-**теолошка, метафизичка и позитивна**.

| **Фаза** | **Време** | **Главна институција** |
|---|---|---|
| Теолошка | До крајот на средниот век | Религија |
| Метафизичка | Ренесанса и просветителство | Филозофија |
| Позитивна | Од индустриската револуција | Наука |

## Карл Маркс

1. Според него целата историја е борба помеѓу две основни класи. Едните се експлоататори, угнетувачи, а другите експлоатирани, угнетувани.

| Експлоататори | Експлоатирани | Време и суштина на односот |
|---|---|---|
| Робовладатели | Робови | Во стара Грција и Рим, робовите биле сметани за сопственост со која робовладетолот можел да прави што сака. |
| Феудалци | Закрепостени селани | Во средниот век, феудалецот му давал земја на селанецот, а овој требал да му даде дел од приходите. |
| Буржоазија или Граѓанска класа или капиталисти (три имиња за иста класа) | Работничка класа или пролетеријат (две имиња за иста класа) | Од индустриската револуција, работникот работи за плата кај капиталистот. |

2. Се залагал за **комунистичко општество** во кое ќе нема класи, односно сите ќе бидат рамноправни.

3. За него најважна институција е **економијата**. Таа е производство, размена и распределба на производите и нивна потрошувачка.

4. Карактерот на општеството зависи од **начинот на производство**. Власта е кај оние кои ги поседуваат **средствата за производство** (машини, алатки..)

## Емил Диркем

1.Во негово време, предметот на **социологијата** не бил целосно утврден. Тој е заслужен што ги одделил **биологијата** и **психологијата** од социолошките истражувања.

2.За него за општеството се најважни **колективните** (заедничките) појави. Нив ги нарекува **општествени факти**. Тоа се: колективните претстави, идеи, вредности, норми...
Пр.Идејата за Бог, како колективна вредност служи за обединување на групата.

3.Во општество каде старите вредности исчезнуваат, а нови не се појавуваат настанува состојба на хаос. Оваа состојба ја нарекува **АНОМИЈА**.

4.Во состојба на **аномија**, според неговото истражување, се зголемува стапката на самоубиства.

## Макс Вебер

1.Тој е **антипозитивист** за разлика од Огист Конт. Според него, **социологијата треба да ја разбере и протолкува смислата на човековото дејствување**. Пр.Физиката се занимава со предмети, а социологијата со луѓе и затоа не може да биде прецизна.

2.Го проучувал општествениот слој - **БИРОКРАТИЈА** (администрација, службеници, луѓе што работат по канцеларии и шалтери и издаваат потврди и удираат печати) и смета дека тие ја злоупотребуваат својата положба.
Пр.”Дај ми пари да ти извадам побрзо пасош!”

3.Во своето дело “**Развојот на капитализмот во духот на протестанската етика**” го утврдува влијанието на протестанската религија врз големиот економски развој на протестанските земји: (САД, Велика Британија, Германија, Шведска..).

## Теоретски ориентации или правци во социологијата

**Функционализам** - за припадниците на оваа теорија, општеството е систем составен од помали подсистеми кои имаат своја функција. За нив најважни се елементите кои спојуваат, како вредностите и нормите. Основоположник е **Емил Диркем**, а главни претсавници **Талкот Парсонс** и **Роберт Мертон**. За Талкот Парсонс најважни институции се: јазикот, религијата, технологијата и системот на сродство.

**Теорија на конфликт** - за припадниците на оваа теорија во општеството најважни се конфликтите кои претставуваат движечка сила. Основоположник е **Карл Маркс**, а главни претставници се: **Рајт Милс** и **Ралф Дарендоф.**

**Симболички интеракционизам -** за припадниците на оваа теорија во општеството најважна е комуникацијата преку јазикот кој користи симболи. Пр. Полицаецот не го гледаме како личност туку како униформа која претставува симбол. Главни претставници се: **Чарлс Кули и Џорџ Мид.**

# Методи во социологијата

### 1. План на социолошко истражување

а) Теоретско определување на предметот на истражувањето
-дефиниција (што ќе истражуваме)
Б) поставување хипотеза (претпоставка)
В) определување на методолошка рамка (како ќе го извршиме истражувањето)
Г) извршуваање на истражувањето
Д претставување на резултатите
Е) заклучок

### 2. Методи за прибирање податоци

А) **набљудување** (организирано, планско и систематско)
Б) **анкета** (со отворени или понудени одговори)
В) **интервју**
Г) **користење на текстуални или видео материјали**
Д) **користење на готови статистички податоци** (од Завод за статистика, Биро за вработување или др. институции)

### 3. Методи за средување и анализа на податоците

А) **класификација**
Б) **статистички методи** (користење на математика во социологијата: проценти, аритметичка средина, модус, медијана итн.)
В) **анализа на текст и видео материјали**
Г) **мерење** (утврдување на обем на некоја појава преку оценување)
Д) **социометрија** (утврдување на односите во мали групи. пр. Кој што има најмногу пријатели е ѕвезда)
Ѓ) **компаративен метод** - се врши споредба од податоците добиени од истражување на истата појава во две различни групи. Пр. Се споредува влијанието на семејството врз успехот на учениците од II4 и II5.
Е) **мултиваријантна анализа**- се утврдуваат причинско-последични односи во некоја појава. Пр. Ако успехот на учениците е зависна променлива, тогаш, независни променливи кои влијаат врз успехот се материјалната состојба на родителите, степенот на нивното образование итн.
Ж)**Case Study** (истражување на случај) Пр. Наместо да вршиме анкета во многу средни училишта, земаме едно типично училиште и врз основа на него заклучуваме за состојбата во образованието.

# ТЕМА II

# ШТО Е КУЛТУРА?

# Култура

• **Културата** е се она што го создал човекот и го пренесува од генерација на генерација.

• Културата се **учи**, а не **се наследува генетски** (приказната за Тарзан).

- Тарзан го одгледале мајмуни, а на дваесет годишна возраст стапува во контакт со луѓе. За брзо време учи да зборува и почнува да се однесува како човек. Тоа не е возможно. Бидејќи ако изгубиме поттик од културата во раната возраст ќе останеме ментално ретардирани.

• Процесот на учење на културата, преку кој ги примаме вредностите и нормите кои ни ги наметнува општеството, се нарекува **социјализација**.

• **Агенси** или **чинители** на социјализацијата, односно она од кого учиме се: родителите, поширокото семејство, пријателите, училиштето, медиумите итн.

• Главна поделба на културата е на: **материјална** (алати, машини, објекти за живеење, верски објекти...) и **духовна** (обичаи, морал, религија, филозофија, наука, уметност...).

• **Цивилизација** е посебен тип на култура која се појавува со појавата на градовите (латински: CIVITAS = град). Поважни елементи на цивилизацијата се: државата, правото, развојот на занаетчиството и трговијата, филозофијата, науките, парите, писмото...

<table>
<tr><th></th><th colspan="2">Период</th><th>Материјална култура</th><th>Духовна култура</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Нецивилизирани култури</td><td colspan="2">Лов и собирање плодови; Дивјаштво, палеолит</td><td>Орудија и оружја од камен, дрво и коски (лак и стрела, копје, секира...)</td><td>•Анимизам - верување во духови<br>•Тотемизам - верување во свети животно<br>•Уметност</td></tr>
<tr><td colspan="2">Земјоделие; Варварство, неолит</td><td>Попрефинети оружја од камен, дрво и коски (мотика, лопата...)</td><td>•Политеизам - верување во повеќе богови</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Цивилизација</td><td colspan="2">Занаетчиство; Робовладетелство, стар век</td><td>Орудија и оружје од метал, градби од камен, пари...</td><td>•Монотеизам - верување во еден бог<br>•Филозофија<br>•Математика<br>•Историја</td></tr>
<tr><td colspan="2">Феудализам, среден век</td><td>Барут, огнено оружје, хартија, компас, печатница</td><td>•Ислам - како монотеистичка религија</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Капитализам (нов век)</td><td>18-19 век</td><td>Парна машина, локомотива, електричество, телефон</td><td>•Физика<br>•Хемија<br>•Биологија<br>•Социологија</td></tr>
<tr><td>20-21 век</td><td>Атомска бомба, вселенски бродови, мобилен телефон, компјутер</td><td>•Информатика<br>•Кибернетика<br>•Генетика</td></tr>
</table>

## Културни сличности и културни разлики

1. Во секоја култура постојат заеднични елементи кои ги нарекуваме **културни сличности**. На пример, во секоја култура постојат: јазик, религија, морални норми, обичаи за стапување во полнолетство, стапување во брак, умирање итн.

2. Но сепак во секоја култура постојат специфичности, односно **културни разлики**.

Пр.

а) јапонска култура: саке, суши, гејши, кимоно, самураи, катана, харикири, оригами, бонсаи...

б) мексиканска култура: текила, тортиља, сомбреро, пончо, маријачи...

в) руска култура: водка, пирошка, Кремљ, Чајковски, Толстој, бабушки...

г) американска култура: кока – кола, хот – дог, Холивуд, Лас Вегас, статуа на слободата...

д) италијанска култура: шпагети, пица, Колосеум, кривата кула во Пиза, мафија, Верди...

ѓ) француска култура: шампањ, коњак, Ајфелова кула, Лувр, Диор, Шанел...

е) англиска култура: tea at four, Биг Бен, Шекспир, Битлси...

## Етноцентризам и културен релативизам

| | |
|---|---|
| **Етноцентризам** ја нарекуваме појавата кога ја величаме сопствената култура, а другите култури ги потценуваме. | **Културен релативизам** ја нарекуваме појавата кога сите култури ги цениме подеднакво. |
| 1. Уште во стара Грција Аристотел велел дека јужните народи се паметни, но страшливци, а северните храбри но глупави. Бидејќи Грците се на средина, тие се најдобри. | 1. Дури на почетокот на 20 век, американскиот научник Франц Боас рекол дека нема повисоки и пониски култури и дека сите имаат подеднаква вредност. |
| 2. Во 19 век англиските научници тврделе дека Англичаните се највисоко во развојот, а црнците се нешто помеѓу мајмуни и човек. | 2. Како пример за соработка и соживот помеѓу различни култури се зема секогаш Швајцарија во која живеат Германци, Французи и Италијанци со католичка и протестанска религија. |
| 3. Американскиот генерал Шеридан рекол: „Само мртов Индијанец е добар Индијанец“. | 3. Иван Михаилов ја напишал книгата „Швајцарија на Балканите“ во којашто тврди дека во Македонија, различните култури треба да соработуваат по пример на Швајцарија. |
| 4. Во Хитлерова Германија на поважните институции пишувало: „Забранет влез за Евреи и кучиња“. | 4. Пример за азиска Швајцарија е Малезија во којашто живеат и соработуваат Малезијци со исламска религија, Кинези со будистичка религија и Индијци со хинду религија. |

## Поткултура (субкултура) и противкултура (контракултура)

1. **Поткултура** – дел на некоја поширока култура која ги содржи елементите на таа поширока култура, но сепак по нешто се разликува. Поткултурата е културната посебност на еден општествен слој, група, припадник на градска или селска средина, генерациска различност и.т.н.

Пример: - Ако европската е поширока култура, нејзини поткултури се: македонската, францускатa, англиската...

- Ако македонската е поширока култура, тогаш нејзини поткултури се: прилепската, скопската, битолската... (Во Прилеп викаме молив, а во Битола стило, во Прилеп паричка се врти за Василица, во Скопје за Бадник, но сите зборуваме македонски).

2. **Противкултура** – поткултура која со своите вредности се спротивставува на пошироката култура.

•Таа е најчесто нападната од пошироката култура, но со тек на време многу противкултури се прифатени.

Пр. 1:Различните младински движења кои со своите вредности се спротивставуваат на постарите генерации и често своите вредности ги изразуваат преку музиката.

а) рокерите од педесетите години на дваесеттиот век

б) хипиците од шеесетите години на дваесеттиот век

в) панкерите од седумдесетите години на дваесеттиот век

Пр. 2: Различните религиозни секти:

- Јеховините сведоци одбиваат да носат оружје, Мормоните имаат повеќе жени.

Пр. 3: Скинхедсите (skinheads) се фашисти, ги мразат сите други етнички заедници и култури.

## Вредности, норми и санкции

1. **Вредности** – се цели кои ни ги поставува општеството или ние сами си ги поставуваме со посредство на општеството. Пример: материјални вредности (пари, имот...), духовни вредности: (љубов, образование, уметност...).

2. **Норми** – се правила до кои треба да се придржуваме доколку сакаме да ги исполниме вредностите. Пример: Ако сакаме да имаме пари можеме да станеме добар бизнисмен, да имаме поголемо образование или пак да ограбиме банка.

3. **Санкции** – се казни кои ни ги препишува општеството или општествената група на која сме член доколку не ги исполниме нормите. Пример: Доколку сме членови на група ограбувачи на банка, доколку не ги исполниме нормите што таа ни ги препишува ќе добиеме соодветни санкции.

4. Понекогаш вредностите ги чувствуваме како да ни се наметнати, а не свои, а некогаш санкциите за неисполнување на нормите сами си ги спроведуваме врз себе, односно имаме **грижа на совест**.

5. Нормите ги делиме на **обичаи, морални норми и правни норми**.

6. Во нецивилизираните култури не постојат правни норми кои се пишани правила и ги наметнува државата, а прекршувањето на обичаите и моралните норми строго се санкционираат (**ТАБУ** – хавајски јазик: забрана за одредено однесување).

7. Со појавата на цивилизацијата, државата создава пишани правила кои ги нарекуваме **правни норми**, чие прекршување се санкционира од страна на државните органи.

8. Со појавата на правните норми санкционирањето на прекршувањето на моралните норми (кои определуваат што е добро, што е лошо) се остава на поширокага заедница, а прекршувањето на обичаите скоро и да не се санкционира.

| Норма | Пример | Санкција |
| --- | --- | --- |
| **Обичаи** | •Не сме отишле на свадба кај најдобриот пријател<br>•Не сме отишле по јајца на Велигден | •Ќе ни се налутат |
| **Морални норми** | •Не сме отстапиле место на постар во автобус<br>•Не сме помогнале некому во неволја | •Остра осуда од околината |
| **Правни норми** | • Возиме на црвено светло<br>•Сме ограбиле банка | • Парична казна<br>•Затвор |

## Општествена девијација и конформизам

1. **Општествена девијација** го нарекуваме кршењето на општествените норми. Најтежок облик на девијација е **криминалот**. Постојат повеќе видови криминал, на пр.: криминал на адолесцентите (**адолесценти** значи младинци), организиран криминал, криминал на државата итн.

2. Кршењето на општествените норми не мора секогаш да биде лошо, бидејќи ако некои норми не се кршат нема да имаме движење, односно развој во општеството. Пример: Џордано Бруно го запалиле бидејќи тврдел дека Земјата се врти околу Сонцето, а по 100 години утврдиле дека бил во право.

3. **Конформизам** е некритичко прифаќање на општествените норми. Човекот кој е конформист се наоѓа во опасност да го изгуби сопствениот идентитет, односно сопственото **ЈАС**.

4. Неконформистот не ги крши сите општествени норми, туку само некои.

На пр. Кога се спротиставува на кршењето на човековите права.

## Општествени улоги и општествена положба

1. Во текот на животот сите имаме многу **општествени улоги**: улога на дете, ученик, спортист, музичар...

2. **Општествената положба** определува колку сме повисоко или пониско во општеството. Општествената **хиерархија** значи надреденост или подреденост.

3. Општествената положба зависи од: **материјалното богатство** (пари, имот...), **општествената моќ** (колку имаме влијание врз другите луѓе) и **општествениот углед** (колку другите луѓе не почитуваат).

Оцени од 1 до 5

| Општествени улоги | Материјално богатство | Општествена моќ | Општествен углед | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Директор во голема фирма** | | | | |
| **Политичар** | | | | |
| **Доктор** | | | | |
| **Професор во средно образование** | | | | |
| **Мафијаш** | | | | |
| **Турбо фолк пејачка** | | | | |
| **Студент** | | | | |
| **Ликовен уметник** | | | | |
| **Работник во фабрика** | | | | |
| **Автомеханичар** | | | | |

# ТЕМА III

# ОПШТЕСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ

# Општествени институции, организации и групи

1.Луѓето се здружуваат во групи, кои имаат меѓусебни односи и така формираат **институции** и **организации**.

2.Во обичниот говор, институција или организација употребуваме за исти работи. Пр.Гимназијата како институција, гимназијата како организација. Но во науката за институција се смета нешто поголемо, потрајно, со поцврсти правила и построги санкции за нивно прекршување. Така на пример по Социологија ќе ги проучуваме следните институции: семјество, религија, политика, економија и образование.

**3.Карактеристики на општествените групи:**
а)секоја група е составена од најмалку 2 члена
б)секоја група постои поради одредена вредност и цел
в)во групата секој член има определена улога
г)за да се оствари вредноста, односно целта треба да се почитуваат некои норми
д)во групата постои хиерархија помеѓу членовите
ѓ)за прекршување на нормите следат санкции
е)со исчезнување на вредноста поради која е формирана групата, групата се распаѓа.

**4.Поделба на општествените групи**

**а)формални и неформални групи**

**Формални групи** се групите во кои постојат цврсти правила, строги санкции за нивно прекршување, развиена хиерархија и тешко се распаѓаат (политичка партија) – истото важи и за **<u>формалните организации</u>**

**Неформални групи** се групи во кои не постојат цврсти правила и лесно се распаѓаат (група на излетници)

**б)примарни и секундарни групи**

**Примарни групи** се оние кои се засновани врз емоционалност, блискост (семејство, пријатели)

**Секундарни групи** се оние кои се засновани на интереси (претпријатие, политичка партија)

**в)глобални и парцијални групи**

**Глобални групи** се оние во кои се одвиваат сите општествени процеси.

**Орда** - на почетоците на човештвото

**Род -** се дефинира преку принципот на **егзогамија**, односно забрана за стапување во брак во рамките на општествената група.

**Плем**е - составено е од повеќе родови и во него најчесто постои принципот на **ендогамија** односно забрана за стапување во брак со членови од друга група.

**Народ** - настанува со обединување на повеќе племиња, но не на роднински туку на територијален принцип.

**Нација** - настанува од народот со формирање на национална држава.

**Парцијални** се сите останати групи.

# Семејство и брак

**1.Семејството е примарна општествена група составена од родители и деца.**

а) Во минатото, семејството било составено од повеќе генерации и тоа семејство го нарекуваме **ТРАДИЦИОНАЛНО**.
б) Денес семејството се состои само од родители и деца и тоа го нарекуваме **НУКЛЕУСНО**(нуклеус- јадро)
в) Во современиот свет, со зголемениот број на разводи, има се повеќе семејства со еден родител.

2.Семејството најдобро можиме да го објасниме, преку неговите **функции**:
а) **БИОЛОШКА**- да се создадат деца
б) **ЕКОНОМСКА**- да се обезбедат материјални средства за децата.
в) **СОЦИЈАЛИЗАТОРСКА**- да се воспитаат децата.

-Различното воспитување за машките и женските деца се нарекува:
**РОДОВА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА.** (пол е биолошка категорија, а род општествена)

**3. Брак е договор помеѓу два или повеќе сопружници околу наследството на на децата и имотот.**
а) Пред појавата на државата, бракот се склучувал пред некои општествени институции: поглаварот на племето, свештеникот ...
б) Со појавата на државата и правните норми, бракот најпрво се склучувал пред некои религиозни институции (црква) и важел правно и пред државните органи.
в) За прв пат со француската граѓанска револуција се одвојува верскиот од државниот брак. Со ова одвојување верскиот брак губи правна основа. Државниот брак уште се нарекува и **граѓански брак**.

**4. Видови на брак:**
а) **МОНОГАМЕН**- помеѓу еден маж и една жена
б) **ПОЛИГАМЕН**- во две варијанти:

-**Полигинија (еден маж со повеќе жени).** Пр: Кај традиционалните муслимански земји еден маж може да има до четири жени, кај некои немуслимански општества во Африка, кај сектата Мормони во САД, и т н..
-**Полиандрија (една жена со повеќе мажи)**. Пр: Во Тибет една жена се мажела со двајца мажи, најчесто браќа од кои едниот патувал и се занимавал со трговија, а другиот се грижел за домот, и тоа го правеле наизменично.

**5. Потеклото на табуто за ИНЦЕСТ:**

- **ИНЦЕСТ- Стапување во полови односи помеѓу блиски сродници**.
Табуто за инцест најдобро ќе го објасниме преку една изјава на припадник на племето Арапеши од Нова Гвинеја која и ја дал на антропологот Маргарет Мид. Таа го прашала: - Дали би се оженил за својата сестра? Тој и одговорил: - Не, бидејќи ако се оженам со мојата сестра ќе мора да ловам сам, а доколку се оженам за некоја друга и таа се омажи за некој друг, ќе имам зет и шура со кои ќе ловам заедно.

ЗАКЛУЧОК: Со размена на брачни сопружници помеѓу различни општествени групи се зацврстуваат врските меѓу нив.

**6. Мит за матријархатот**
(мит е ненаучна приказна за важни настани во природата и општеството) – Во современата општествена наука е напуштено мислењето дека некогаш постоел матријархатот, односно дека владееле жените. Наместо матријархатот во некои општества постои **матрифокалност**, односно придавање на голема важност на жената.
Пример: Кога Херодот 500 години п.н.е отишол во Египет и видел дека жените слободно се шетаат, а некои мажи ткаеле, рекол: - Еј, со овие владеат жените, што не било точно. Во неговата Атина ваквото однесување било незамисливо.
Матрифокалноста најчесто е поврзана со **матрилокалност**, односно селење на мажот во куќата на жената (домазет) и **матрилинеарност** – сметање на сродството по мајка.
Пример: Кај Туарезите во Сахара бидејќи мажите се отсутни заради трговија, жената е главна во куќата, кај некои африкански општества кои се занимаваат со мотичко земјоделие и трудот на жената е особено важен...

# Религија

**1. Религијата** е систем на **верувања** и **ритуали** во врска со некое **натприродно суштество (дух или бог).**

а) **верувања** се идеи во врска со натприродното суштество. Пр. Светото Тројство, Алах е голем...

б) **ритуали** се практични дејствувања во врска со натприродното суштество
Пример: -Попот мавта со кандило. -Оџата пее од џамија.

**2. Функции на религијата**

*** Индивидуални функции**

Од индивидуалните функции најважна е психилошката функција, која помага за совладување на различни стравови од кои најважен е **стравот од смртта**.

*** Општествени функции на религијата**

Нив најдобро можеме да ги согледаме преку мисленјата на основачите на социологијата за религијата.

~Огист Конт:,,Нема бог, но сепак религијата им е потребна на луѓето, за да создадат вредности и норми и да се создаде ред во општеството."

~Карл Маркс:,,Религијата е опиум за народот со која богатите ги лажат сиромашните."

~Емил Диркем: ,, Религиозните вредности, како колективни вредности служат како нешто околу кое се обединува групата".

~Макс Вебер:,, Религијата влијае врз другите општествени сфери."

**2. Видови религии**

**а) анимизам-верување во духови.**

Се верува дека секое живо суштество, па понекогаш и неживите предмети, покрај материјалната имаат и друга, духовна природа. Духовите им прават лоши или добри работи на луѓето.

**б) тотемизам-верување во свети животни и растенија.**

Се верува дека светото живитно е митски предок на групата и постои табу за негово јадење.

**в) политеизам- верување во повеќе богови.**

Боговите претставуваат некоја човечка особина (Атина - божица на мудроста), природна појава (Посејдон - бог на морето) или општествена појава (Арес - бог на војната). Пример: египетска, старогрчка, римска и.т.н. религии. Денес најголема политеистичка религија е **хиндуизмот**. Настанала околу 1800 години пред нашата ера во Индија и е трета по бројот на верници во светот. Во неа главни божества се: **Брама**- создателот на светот, **Вишна**-одржувачот на светот и **Шива**- уништувачот на светот. Тие на земјата се појавуваат во многу ликови наречени Аватари. Пример: Кришна е едно од олицетворениата на Вишна.

**г) монотеизам- верување во еден Бог.**

Три главни монотеистички религии се: **Јудаизмот** (еврејската религија), **Христијанскво** и **Исламот**. Тие се меѓусебно поврзани и се нарекуваат уште и **Аврамски религии**, бидејќи за прв пророк го сметаат **Аврам**. Во нив се верува во **ист Бог**, но го нарекуваат со различни имиња Јехова, Исус и Алах.

I **Јудаизмот** е религија на Евреите. Настанал во 13 век п.н.е. и за митски основач се смета. **Мојсеј**

**II Христијанството** е прва религија по број на верници во светот. Основач е **Исус Христос.** Главна поделба на христијанството е на: **православие, католицизам и протестантсво.**

III **Исламот** е втора религија по број на верници во Светот. Основач е **Мухамед** во 622 година од наша ера. Главна поделба на исламот е на: **сунити** и **шиити**.

**д) етички религии**

Главни етички религии се **будизмот** и **конфучијнизмот**. Во нив нема концепција за Бог, туку се верува во моралните поуки на големите учители. Основачи се **Сидарта Готама**, наречен **Буда** (разбудениот), и **Конфучие (Кунг Фу Це)**. И двајцата живееле околу 500 г. п.н.е.

**3. Видови религиозни организации**

а) **црква** – голема религиозна организација, пр. МПЦ, СПЦ, католичка црква, евангелско-методистичка црква и т.н. Не се мисли на црква како храм, туку на религозна организација. ЗАБЕЛЕШКА: Поимот црква е несоодветен за нехристијанските организации. Црквата има голем број верници и е прифатена од поширока општествена заедница.

б) **секта** - е помала религиозна организација, и најчесто не е прифатена од поширoката општествена заедница. Пр. Кај христијаните: Јеховини сведоци, Мормоните во Јута во САД.. кај муслиманите: суфистите... Сектата настанува со одвојување од некоја поголема религиозна организација. Пр. Кога христијаните се одвоиле од еврејската религија биле малку, не биле прифатени и биле секта, кога нивниот број се зголемил, станале прифатени, односно станале црква.

в) **деноминација** - е поделба, на некоја голема религиозна организација на помали делови. Таа може да биде на верска основа: Пр. Кај протестантите: методисти, евангелисти, баптисти, лутеранци, калвинисти и т.н. Кај муслиманите: сунити и шиити, или на национална основа: Пр. Кај православните:МПЦ, СПЦ, БПЦ, и т.н. Деноминациите се прифатени од поширока општествена заедница.

г) **култ** - е исто како сектата, помала религиозна организација и не е прифатена од поширoката општествена заедница, но за разлика од сектата не настанува со одвојување од некоја поголема религиозна организација, туку независно. Пр. Сатанисти, сциентисти и т.н.

# Политика

1. Политиката е управување со општеството со помош на **политичка моќ**.

2. Политичката моќ се нарекува **власт**.

3. **Држава** е политичка организација со помош на која се владее врз определа група луѓе кои живеат на определена територија.

4. Едни владеат а други се владеани. Доколку тие што се владеани, по сопствена желба му го отстапуваат правото да владеат на тие што владеат, тоа се нарекува **демократија**. А доколку тоа право некој сам си го зема, се нарекува **диктатура**.

а) **непосредна демократија** е кога сите владеат (пример: во стара Атина владееле сите полнолетни мажи)
б) **посредна демократија** е кога тие што владеат се бираат по пат на избори
в) денес разликата помеѓу **монархија** (кога владетелот ја добива власта наследно: цар, крал, кнез) и **република** (кога владетелот се бира на избори) не е толку важна, бидејќи за разлика од минатото кога постоела **апсолутистичка** монархија (каде владетелот имал неограничена власт), денес постојат **парламентарни** монархии (каде монархот нема вистинска власт, пример: англиската кралица, а вистинската власт се наоѓа кај владата и парламентот), а од друга страна постојат т.н. републики во кои предтседателите се бираат на наместени избори и понекогаш владеат со децении пример: арапските земји, Северна Кореја, Куба и.т.н.)

**5. Функции на државата**

**- Нив најдобро ќе ги објасниме преку работата на министерствата на Р.М.**
- Министерството за внатрешни работи (се грижи за безбедноста и редот на земјата)
- Министерстото за надворешни работи (ги организира односите со странски земји)
- Министерство за одбрана (ја организира одбраната од надворешни напади)
- Министерство за правда (ги определува условите во кои функционира правниот систем)
- Министерство за економија (ги организира условите во кои функционира производството, размената и распределбата на производите и нивната портошувачка)
- Министерство за финансии (се грижи за националната валута и прометот со пари)
- Министерство за образование (го организира државното образование и ги определува условите во кои функционира приватното)
-Министерство за здравство (го организира државното здравство и ги определува условите во кои функционира приватното)
- Министерство за култура
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за земјоделие
- Министерство за животна средина
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за градежништво, транспорт и врски

**6. Принципи на демократијата**

а) фер, чесни и слободни **избори** (локални, парламентарни, претседателски).
б) **поделба на власта**, на **законодавна** (парламент) која носи закони, **извршна** (владата) која предлага закони и се грижи за нивно извршување, и **судска** (основен суд, апелационен, врховен и уставен) која го санкционира кршењето на законите. Трите власти треба да се независни и меѓусебно да се контролираат.
в) **владеење на мнозинството** со **почитување на правата на малцинствата** (но не само етнички, туку и политички, со различна сексуална ориентација и.т.н)
г) **владеење на правото** во духот на Меѓународните декларации за човекови права
д) **слобода на мислење, вероисповед, говор и медиуми**
ѓ) **слобода на здружување**
е) право **на демонстрации** (искажување јавно незадоволство), **штрајк** (прекинување на работата), **бојкот** (ѓраѓанска непослушност) и **петиции** (жалби и поплаки).

# ЕКОНОМИЈА

**1. Економија е** општествена институција која се состои од процесите на **прозиводство, размена и распределба на производи и услуги** како и нивна **потрошувачка.**

**2. Ловечко-собирачка економија**

Во почетоците на човештвото главни стопански дејности биле ловот и собирањето плодови. Опстанокот зависел од од природните услови и затоа групите биле во постојано движење, во потрага по храна и други потреби. Поделбата на трудот била проста, при што мажите ловеле, а жените собирале плодови. Размената била мала при ретките средби на групите. Денес вакви општества сеуште постојат во некои зафрлени краишта на Африка, Азија и Јужна Америка.

**3. Земјоделска економија**

За прв пат пред 10 илјади години луѓето почнуваат да се занимаваат со земјоделие на Блискиот Исток. Едни групи се занимавале само со сточарство и биле во постојано движење во потрага по пасишта, додека други комбинирано со полјоделство и сточарство и тие ги создале првите постојани населби. Вишокот на производи ги ослободиле некои луѓе од земјоделски активности и тие се занимавале исклучително со занаетчиство со тоа што се усложила поделбата на трудот. Денес земјите во кои преовладува **земјоделскиот сектор** (**примарен** стопански сектор) се сметаат за неразвиени.

4. Со почетоците на **цивилизацијата** се создаваат првите градови како центри на занаетчиството и трговијата. Употребата на метална орудија многу ја зголемила ефикасноста во производството. За прв пат во 7 век п.н.е во областа Лидија во Мала Азија се коваат метални пари како средство за размена.

5. Главна придобивка на средниот век на економски план е формирањето на здруженија во занаетчискиот сектор, како и банкарскиот систем од страна на Темпларите.

**6. Индустриска економија**

Со индустриската револуција и развојот на машините на крајот на 18 и почетокот на 19 век, населението се сели од селата во градовите, што се нарекува **урбанизација**. Ова се случува заради потребата од работна сила во индустријата и воведувањето машини во земјоделието. Поделбата на трудот се зголемува до крајни граници со измислувањето на подвижната лента од страна на Хенри Форд, при што работникот работел само една операција. Се воведуваат пазари на хартии од вредност: акции и обврзници, кој се викаат берзи. Земјите во кои денес преовладува **индустрискиот сектор** кој уште се нарекува **секундарен** стопански сектор се сметаат за средно развиени.

**7. Пост-индустриска економија**

На половината на XX век, со автоматизацијата, компјутеризацијата и роботизацијата на индустријата, работната сила се сели во **секторот на услуги**, кој уште се нарекува **терцијален**: (градежништво, сообраќај, туризам, угостителство, образование, здравство, култура итн.). Во работата се цени **знаењето**, а не физичкиот труд (информатичко општество). Размената се одвива се повеќе безготовински, најпрво со чекови, а потоа со картички и најпосле преку Интернет. Земјите во кои преовладува **секторот на услуги** се високо развиени.

# ТЕМА IV

# ОПШТЕСТВЕНА
# СТРУКТУРА И ПРОМЕНА

# Демографија

**Демографија** е наука за структурата на населението на локално, национално и глобално ниво. Структура по: пол, старост, етничка припадност, религија, образование, економска состојба и т.н.

Податоците се собираат на најразлични начини, но најчесто со попис на населението, преку институции како: Завод за статистика, Биро за вработување, а ги користат и други науки како социологијата, географијата...

## Видови податоци

а) **Биолошки податоци**

**I** наталитет – стапка на раѓање (колку деца се раѓаат на 1000 жители во една година)

**II** морталитет – стапка на умирање (колку луѓе умираат на 1000 жители во една година)

**III** Природен прираст – разлика меѓу наталитет и морталитет

**IV** Смрност на новороденчиња – колку деца до една годишна возраст умираат на 1000 жители во текот на една година

**V** Очекувано траење на животот (просечна старост при умирање) итн.

б) **Економски податоци**

**I** стапка на невработеност
**II** работна сила по сектори и т.н.

в) **Образовни податоци**

**I** стапка на писменост итн.

# Општествена стратификација

1.Под општествена стратификација се подразбира поделбата на општеството на **класи и слоеви.**

2.**Општествена класа** е група во која членството се определува според економската состојба, односно материјалното богатство на нејзините членови.како и моќта која произлегува од таа состојба.

3.Класите за прв пат настанале со земјоделската економија кога се создал вишок на производи, кој бил присвоен од определена група по пат на сила.

4.Со класите најмногу се занимавал Карл Маркс, според кого во историјата постоеле следниве класи:

| **периоди** | **Висока класа** | **Средна класа** | **Ниска класа** |
|---|---|---|---|
| робовладетелски | Робовладетели | Слободни луѓе | Робови |
| феудализам | Феудалци | слободни граѓани и слободни селани | Закрепостени селани |
| капитализам | Крупна буржоазија Пр.сопственик на фабрика. | ситна буржоазија Пр.сопственик на дуќан | Работничка класа |

5.Во денешно време, класите најчесто се именуваат како:
**-висока, средна, ниска**
со свои подкласи: висока-висока, висока-средна, и.т.н.

6.**Општествени слоеви** се помали групи од класите, во кои членството се определува не само од економска состојба, туку и од некои други белези, најчесто професионални.
Пр.Индустриска буржуазија, трговка буржуозија, финансиска буржоазија, или висока класа-бизнисмени, висока класа-политичари, висока класа-уметници.

**7.Општествена мобилност:**

А)**хоризонтална мобилност** е кога се движиме низ општеството но не ја менуваме општествената положба. Пр. Работникот ја сменил фирмата во која работи, но платата му останала иста.

**Б)вертикална мобилност** е кога ја менуваме општествената положба на повисоко или поноско ниво.
Пр.Сме отишле повисоко во општеството ако;
-сме отвориле бизнис и добро ни тргнал;
-сме зеле дилома и сме фатиле добро место;
-сме добиле на спортска;
-сме стапиле во брак со богат брачен партнер и.т.н.

## Етнички групи и нации

1.**Етнички групи** се групи кои меѓусебе се разликуваат по културните белези од кои најважен е јазикот.
2.Етничките групи имаат свест за сопствениот идентитет која се нарекува **етничка самосвест.**
3.Етничките групи честопати имаат погрешни претстави за другите етнички групи кои се нарекуваат **етнички предрасуди.**
4.Етничките предрасуди доведуваат до потценување на другите етнички групи што се нарекува **етничка дискриминација**.
5.Етничката дискриминација доведува до **етнички конфликт**.
6.Општеството во кое етничките групи меѓусебно се почитуваат се нарекува **мултикултурно општество**.

7**.Нации** се глобални општествени групи кои настануваат кога една или повеќе етнички групи ќе формираат **национална држава**.

А)Првите нации настануваат со распаѓањето на феудализмот и почетоците на создавање на **капитализмот** (Англија, Франција и Шпанија)
Б)Потребни предуслови за создавање на нација се:
силна централна политичка власт, единствен пазар и валута, единствен правен систем, брзина на комуникација, стандардизирано образование и.т.н.

**8.Етнички малцинства.**
-се етнички групи кои живеат во некоја национална држава, но не се чуствуваат како дел на нацијата која ја претставува таа национална држава.
Пр.Албанците во Македонија не се чуствуваат како да се дел на македонската нација, додека етничките групи во САД сите се чуствуваат Американци.

## Колонијализам и глобализација

1. Треба да се разликуваат поимите **колонизација** што значи населување на некои туѓи територии и **колонијализам** што значи насилно искористување на некои туѓи човечки и природни ресурси .

2. **Глобализација** е процес на економско, политичко и културно обединување на светот.

3. Како прв глобализатор можеме да го сметаме Александар кој се обидел да ги обедини културно народите од Европа, Азија и Африка.

4. Процесот на колонизација и глобализација зема замав со големите географски откритија во 16 век.

5. Оттогаш големите сили Англија, Франција и Шпанија го освојуваат речиси целиот свет

6. Во денешно време наместо по пат на сила колонијализмот се остварува со економски мерки и тој процес се нарекува **неоколонијализам**. Пр. Холандија продава кромид во Гана во Африка по ниски цени кои не можат да ги постигнат домашните земјоделци и така го уништува домашното земјоделие. А Холандија тоа го може бидејќи има голема ефикасност во производството, со што ги намалува трошоците на прозводство.

**7. Аспекти на глобализацијата:**

а) **Економски аспект** – во светот се повеќе имаме слободно движење на производите, парите и работната сила.

б) **Политички аспект** – постојат меѓународни организации кои ги уредуваат односите помеѓу помеѓу земјите и глобалната заедница, како: **ООН** - организација на обединетите нации, **ММФ** - меѓународен монетарен фонд, Светска банка, **СТО** - светска трговска организација, **ОЕЦД** - организација за економска соработка и развој и други.

-постојат и регионални организации кои имаат големо влијание во светот:

**НАТО** - северно атлански сојуз за политичка и воена соработка,

**ЕУ** - европска унија –европски сојуз за економска и политичка соработка.

Најважни институции на ЕУ се: Европски парламент, Европска  комисија, која игра улога на влада, Европски суд, Совет на министри на ЕУ, Совет на шефови на држави и влади и други.

в) **Културен аспект:** - англискиот стана светски јазик, во цел свет се носат фармерки итн.

г) **Технолошки аспект:** - Технолошките пронајдоци помагаат во ширење на процесот на глобализација: мобилна телефонија, интернет, сателитска телевизија итн.

8. **Антиглобалистичките движења** се спротиставуваат на процесот на глобализација бидејќи сметаат дека со него богатите ги искористуваат сиромашните земји, се уништуваат малите култури, се загадува животната средина...

## Општествена промена

**1.** Бавните постепени и мали промени во општеството ги нарекуваме **општествена еволуција.**

**2.** Брзите и големи промени во општеството ги нарекуваме **општествена револуција**

**Видови револуции:**

А) **Технолошка револуција** е кога се менуваат средствата за производство и со тоа се менуваат односите во општеството

**I Неолитска револуција** пред 10.000 години луѓето почнале да се занимаваат со земјоделие, да создаваат постојани населби и почнале да се создаваат првите општествени класи.

**II Индустриска револуција** на крајот на 18 и почетокот на 19 век со развојот на машините, се развива и индустријата, така што работната сила преминува во неа, односно од село во град кој процес се нарекува УРБАНИЗАЦИЈА.

**III Постиндустриска или информатичка револуција** на крајот на 20 век со воведување на компјутерите и роботите во индустријата, работната сила преминува во **секторот на услуги**.

**Б) Политичка револуција** е кога една општествена група ја превзема власта од друга.

ПР. 1 – Францускатa граѓанска револуција од 1789 год. Кога буржоазијата ја превзема власта од феудалците.

ПР . 2 – Октомвриската револуција во Русија 1917 год. Кога извесна елита во име на работничката класа ја превзема власта од буржоазијата.

**В) Културна револуција**

ПР. 1 – Хуманизам и ренесанса во 16 век, кога се напушта религиозниот поглед на светот и имаме огромен развој на науките и уметностите.

ПР. 2 – Младинската револуција во 60-тите години на 20 век кога младите го менуваат начинот на живот и нивно однесување.

# Колективно однесување

1.**Колективното однесување** е однесување во група.
За разлика кога се однесуваме сами, што се нарекува **индивидуално однесување**.

2.**Општествена интеракција** се односите помеѓу луѓето и групите:

а) односи кои што спојуваат: **соработка и размена**.
б) односи кои што разделуваат: **натпревар и конфликт**.

**3.Видови колективно однесување.**

а) **организирана група** : Пр. **Синдикатите** како организации на работниците за заштита на нивните права или **Социјалните движења**, како што се: за правата на жените, за правата на хомосексуалците, еколошки движења, мировни движења, антиглобалистички движења итн.

б) **толпа** е неорганизирана група која се собира спонтано и се однесува неразумно, нерационално.
Пр: разулавена група навивачи.

в) **јавност**: група која не е физички заедно, но има заеднички став за некој општествен настан. Пр. Гледаме телевизија на различни места и имаме став за некој настан.